На 10 и 11 февруари 2016 г. во хотелот Арка во Скопје, беше одржана обука за членките на Платформата на граѓански организации за борба против корупција , на тема **Следење на финансирањето на политичките партии и трошењата на буџетите во предизборниот и изборниот процес**. На обуката учествуваа 15 претставници од седум организации.



Обучувачи беа **д-р Слаѓана Тасева** и **Дарко Дисовски** од Транспаренси интернешнл – Македонија (ТИ-М), **д-р Борче Треновски** од Центарот за економски анализи (ЦЕА) и **Суад Мисини** од Истражувачкиот центар за граѓанско општество (ИЦГО).

Во текот на првиот ден Тасева и Дисовски ја презентираа законската рамка за финансирањето  на политичките партии, како и методологијата за следење на трошењата за рекламирање на политичките партии во предизборниот и изборниот процес. Понатаму, Треновски даде осврт на буџетската транспаретност и начинот на трошење на јавните пари во текот на последните неколку изборни циклуси, при што учесниците имаа можност да добијат интересни податоци за можните злоупотреби на буџетот за предизборни цели.

